Рудплан работи со тимот на клиентот за подготовка на предфизибилити студии. Предфизибилити студијата е среден чекор во инженерските студии кој е потребен за проценка на рударскиот проект.
Тој вообичаено се заснова на одредена инженерска основа (понуди за главните компоненти добиени генерално од еден снабдувач).

Целта на предфизибилити студијата е одредување релевантност за инвестирање во подготовката на физибилити студијата. Мора да се обрне внимание на следните компоненти:

- Минерални ресурси и минерални резерви;
- Рударски методи;
- Темпо на откопување, дробење и мелење
- Проектирање на рудникот и животен век на рудникот;
- Прашања околу животната средина и потребни работи за добивање еколошка дозвола;
- Прелиминарна студија на пазарот;
- Проценка на капиталните трошоци;
- Проценка на оперативните трошоци;
- Финансиска и чувствителна анализа;